РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Државен завод за статистика

Класификации, методологии, номенклатури и стандарди

# СИСТЕМОТ НА ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА ISCED 2011

## Меѓународна стандардна класификација на образованието МСКОБ 2011

## International Standard Clasification of Education ISCED 2011

2.8.14.01

Скопје, 2014 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

# СИСТЕМОТ НА ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА ISCED 2011

## Меѓународна стандардна класификација на образованието

## МСКОБ 2011

**International Standard Classification of Education**
**ISCED 2011**

**СКОПЈЕ, 2014 година**

## ПРЕДГОВОР

Меѓународната стандардна класификација на образованието - МСКОБ (International Standard Classification of Education – ISCED) е осмислена од страна на UNESCO уште во почетокот на 70-тите години, како соодветен инструмент за процена, обликување и претставување на статистичките податоци од областа на образованието на национално, но и на меѓународно ниво, со што е создадена - I S C E D 76.

Заради обезбедување стандардизирана примена и заради насочување на напорите кон засилување на статистичката инфраструктура во образованието во земјите во развој, на 29-тата седница на Генералното собрание на UNESCO усвоена е ревидираната верзија ISCED 97 (МСКОБ 97).

Со текот на годините искуствата покажаа дека има потреба од натамошно осовременување и ревидирање на Класификацијата и за таа цел, на 36-тата седница на Генералното собрание на UNESCO во ноември 2011 година е усвоена ревидираната верзија ISCED 2011 (МСКОБ 2011).

Меѓународната стандардна класификација на образованието е создадена со цел да се подобри квалитетот, компаративноста и стратешкото значење на статистиката за образованието и индикаторите сведени на меѓународно ниво во однос на различните аспекти на образованието и обуката како што се: уписот, човечките и финансиските ресурси и образовните придобивки.

**Скопје**

**Директор**

д-р Благица Новковска

# ВОВЕД

1. Меѓународната стандардна класификација на образованието (МСКОБ) е направена да служи како корисен инструмент за собирање, подредување и прикажување на споредливи статистички показатели и прегледи за образованието, поединечно, во рамките на самите држави, како и во меѓународни рамки. Таа дава стандардни концепти, дефиниции и класификации. МСКОБ ги покрива сите организирани и одржливи можности за учење на децата, младите и возрасните, вклучувајќи ги и оние за образование на лица со посебни потреби, независно од тоа која институција или кој орган ги обезбедува или во кој облик тие се пренесуваат.

2. МСКОБ претставува повеќенаменски систем, направен за анализа на образовната политика и одлучување, без разлика на структурата на националните образовни системи и без разлика на какво рамниште е економскиот развој на државата. Таа може да биде користена за статистики на повеќе различни аспекти од образованието, како статистики за запишување на учениците, статистики на човечки или финансиски ресурси инвестирани во образованието, или за образовната посетеност на популацијата. Затоа, основниот концепт и дефинициите на МСКОБ се направени да бидат универзално валидни и непроменливи за одредени околности на кој било национален образовен систем и еден генерален систем и неопходно е да вклучува дефиниции и упатства кои го покриваат целосниот опсег на образовните системи.

3. МСКОБ ги класифицира образовните програми според нивната содржина по две главни оски: 1. Степени на образование (образовно ниво) и 2. Полиња на образование. Овие оски, познати како вкрстени класификациски променливи, се задржани во ревидираната класификација. Со текот на времето (почнувајќи од старата ISCED 76), правилата и критериумите за поврзување на програмите со одреден степен на образование се менуваат и од 6 степени се проширени на 8 степени, а полињата на образование-студирање се проширени од 21 поле во ISCED 76 на 25 во ISCED 97, односно 29 полиња во ISCED 2011. Оваа верзија на МСКОБ 2011 (ISCED 2011) претставува ревидирана верзија на Класификацијата на образовните нивоа МСКОБ 1997 (ISCED 1997).

4. Собраните информации, според МСКОБ, може да бидат користени за собирање на статистички податоци за различни аспекти на образованието во интерес на креирање на образовните политики во земјата и за потребите на други внатрешни и надворешни корисници на статистички податоци од областа на образованието.

5. Со Препораката на Генералното собрание на UNESCO се потенцира дека: не е задолжително земјите-членки на UNESCO да го напуштат својот национален систем на образование. Задолжително е единствено да изработат систем на сведување на националните податоци на меѓународни, а за таа цел е изработен и овој документ.

6. Меѓународната стандардна класификација на образованието треба да претставува цврста врска помеѓу образованието и вработеноста заради полесно планирање на образованието во функција на вработеноста. Во таа смисла, класификацијата на образованието е најблиска до Меѓународната класификација на занимањата, иако секоја од нив претставува независен систем разработен со одредена цел и според одредени критериуми. Овие класификации се поврзани со тоа што секоја образовна програма е насочена кон одредено занимање.

**ДЕФИНИЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

7. Намерата на МСКОБ не е да даде целосна дефиниција на образованието, уште помалку да дава еден меѓународно стандардизиран концепт на филозофијата, целите или содржината на образованието, или да ги пресликува сопствените културни аспекти. За која било држава, заемното дејство на културните традиции, локалните обичаи, социјално-економските состојби, во најмала рака ќе резултираат во еден концепт на образование, во повеќе погледи уникатен за таа држава, и каков било обид да се вметне една заедничка дефиниција не би бил продуктивен. Меѓутоа, за потребите на МСКОБ, неопходно е да се одреди доменот и зафатот на образовните активности кои ќе бидат покриени со Класификацијата.

8. Во рамките на структурата на МСКОБ, терминот **образование** ги содржи сите одредени и систематски осмислени активности во еден кохерентен состав, направени за потребите на учењето во насока на стекнување на знаење, вештини и способности (компетенции). Образованието вклучува организирана и одржлива комуникација создадена за да се стекне учење. Клучните зборови во оваа формулација треба да бидат сфатени на следниов начин:

9. КОМУНИКАЦИЈА: Однос помеѓу две или повеќе лица кој вклучува пренос на информација (пораки, идеи, знаење, стратегии, итн.). Комуникацијата може да биде вербална или невербална, директна/еден-на-еден или индиректна/далечна, и може да вклучува широк спектар на канали и медиуми.

10. УЧЕЊЕ: Индивидуално усвојување и подобрување во однесувањето, информацијата, знаењето, разбирањето, односот, ставовите, вредностите, вештините и способностите (компетенциите).

11. ОРГАНИЗИРАНО: Планирано, по одредена шема или редослед и правила со ескплицитни или имплицитни цели. Вклучува една агенција добавувач (лице, лица или тело) која поставува образовна околина и метод на учење преку кои е организирана комуникацијата. Методот може да биде директен, во комуницирањето или давањето знаење и вештини со цел да се придонесе кон учењето и стекнувањето на способностите (компетенциите), но, исто така, може да биде индиректен/ неанимиран како, на пр., со користење на компјутерски софтвер, филм, касета, и сл.

12. ОДРЖЛИВОСТ: Образовното искуство треба да има елементи на трајност и континуитет.

13. МСКОБ ги опфаќа и иницијалното образование, во раните години од животот на еден човек, пред влегувањето во светот на работењето (пазарот на трудот), како и континуираното образование во животот на еден човек. Образованието според МСКОБ вклучува разновидност од програми и видови на образование кои се одредени во националниот контекст, како редовното образование, образованието на возрасните, формалното образование, неформалното образование, иницијалното (неформално) образование, продолженото образование, образованието на далечина, отвореното образование, доживотното учење/образование, скратеното образование, двојните системи, волонтирањето, техничкото/стручното образование, обуката, образованието на лица со посебни потреби.

14. Од претходното, според МСКОБ, образованието исклучува комуникација која не е назначена да даде придонес во учењето. Според тоа, додека целото образование вклучува учење, многу облици на учење не се сметаат како образование. На пример, случајно или неструктурирано учење, кое се случува како резултат од друг настан, како на пример, нешто што се кристализира за време на еден состанок, е исклучено затоа што не е организирано, т.е. не резултира од планирана интервенција создадена за да придонесе во учењето.

## КАКО ФУНКЦИОНИРА МСКОБ

15. МСКОБ обезбедува интегрирана и конзистентна статистичка рамка за собирање и претставување на меѓународно споредливи податоци во образованието. Содржи две компоненти:

   ⇒ Статистичка рамка за целосен статистички опис на националниот образовен систем и системот за учење низ збирка од променливи кои се од клучен интерес за творците на политики во меѓународните образовни споредби и

   ⇒ Една методологија која ги преведува националните образовни програми во една меѓународно споредлива збирка на категории за (1) нивоата на орбазование; и (2) полињата на образование.

16. Примената на МСКОБ ја олеснува трансформацијата на деталните национални образовни статистики на учесниците, обезбедувачите (даватели на услуги) и спонзорите на образованието, собрани врз база на националните концепти и дефиниции, во сублимирани категории кои се меѓународно споредливи и соодветно толкувани.

17. МСКОБ се базира на три компоненти: (1) меѓународно прифатени концепти и дефиниции, (2) системи на класификации и (3) оперативен прирачник за инструкции на добро дефиниран процес на имплементација.

## КОНЦЕПТОТ НА ,,ОБРАЗОВНАТА ПРОГРАМА“ ВО МСКОБ

18. Основна единица за класификација во МСКОБ е образовната програма. Образовните програми се дефинирани врз база на нивната образовна содржина како палета на образовни активности кои се организирани за да постигнат претходно одредена цел или еден специфичен збир од образовни задачи што се потврдува со јавен документ (свидетелство, диплома или сертификат). Целите можат да бидат стекнување на образовна квалификација, подготовка за понапредно учење, квалификација за занимање или опсег од занимања, или едноставно зголемување на знаењето и разбирањето, вештините и способностите (компетенциите).

19. Постигнувањето на претходно одредени цели често подразбира присуство на збир од структурирани искуства од учењето кои водат до точка на завршување која е формално потврдена преку награда или друг облик на признание. Обично, образовните програми, иако содржат курсеви и други искуства од учењето, не се само збир од сопствените компоненти затоа што тие треба да бидат организирани. Во многу случаи, иако не секогаш, потребно е една институција или понудувач да го признае постоењето на таква програма и да го потврди нејзиното завршување.

20. Терминот „образовна активност“ подразбира пошироко значење од терминот „курс или комбинација од курсеви“ што е значајно, бидејќи образованието на дадено ниво содржи не само курсеви организирани во програми, туку, исто така, и слободни курсеви и разновидност од активности кои не се структурирани како курсеви. Образовната активност е организирана низ модули кои се независни единици на учење кои претставуваат заокружена целина или дел од образовна програма. Програмите понекогаш вклучуваат главни компоненти кои не се карактеризираат како курсеви, на пример, работно искуство во претпријатијата, истражувачки проекти и подготовки на дисертации.

21. Треба да се напомене дека сите курсеви не се дел од програмите на редовното образование. На пример, многу учесници во образованието за возрасни и континуираното образование и обука во претпријатијата посетуваат индивидуални курсеви за да се стекнат со специфични вештини.

22. Во контекст на МСКОБ 2011 (ISCED 2011), образовната квалификација е формален резултат, обично во форма на јавен документ, од процесот на оценување и потврдување дека се постигнати резултатите од учењето во согласност со утврдени стандарди и сведочи дека успешно е совладана образовната програма или нивото на програми. Квалификациите можат да се стекнат со: (1) успешно совладана образовна програма, (2) успешно совладан дел од образовната програма, (3) потврдување на стекнатите резултати од учењето во смисла на знаење, вештини и способности (компетенции), независно од учеството во образовната програма. Индивидуалните уверенија кои се доделуваат за успешно совладан индивидуален натпревар не се сметаат за квалификација според МСКОБ 2011. Класификацијата на квалификации, која е службено призната од страна на националните образовни авторитети, претставува основа за статистиката на образовната програма. Националната рамка на квалификации во која се опишани резутатите од учењето во смисла на знаење, вештини и способности (компетенции) што треба да се постигнат за стекнување на квалификација е во транспарентна врска со МСКОБ 2011 (ISCED 2011).

**ПРИМЕНА НА МСКОБ ЗА ПРОГРАМИ НАДВОР ОД ФОРМАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

23. Некои образовни активности не можат лесно да се опишат во образовните програми во смисла на горенаведеното, иако тие јасно вклучуваат организирана одржлива комуникација создадена да придонесе во учењето за да можат, во принцип, да припаднат под опсегот на МСКОБ. Семејното образование во раните фази на детството може да послужи како пример.

24. За други видови на образовни активности, обезбедувањето на образование може да биде дефинирано во рамките на образовната програма во горенаведената смисла, но многу е тешко да се идентификуваат учесниците во програмата. Телевизиската образовна емисија може да служи како пример во такви случаи. Но, во други случаи, образовните програми можат да имаат посебни особини кои не ги задоволуваат вообичаените критериуми кои се одбрани во МСКОБ за класификација на програми, но, сепак, се покриени од неа. На пример, образовен курс обезбеден преку интернет може да биде сличен по содржина и цел со програма обезбедена преку формалното образование.

25. Сите такви образовни активности треба да бидат класифицирани врз основа на нивните еквиваленти во образовната содржина на редовните програми. Со други зборови, тие треба да бидат класифицирани заедно со оние редовни образовни програми со кои имаат најмногу сличности во согласност со дадените критериуми. На пример, онаму каде што семејното образование во раното детство е во согласност со содржинскиот критериум на МСКОБ за ниво 0, треба да биде класифицирано како МСКОБ ниво 0, пред базична (основна) програма. Понекогаш, квалификациите или сертификатите стекнати по успешното завршување на дадена програма можат да помогнат во класифицирањето на образовна активност. На пример, нивото на образовната содржина на програмите кои се нудат преку образованието од далечина можат да бидат класифицирани врз основа на типот на квалификациите кои се стекнуваат по нејзиното успешно завршување.

## НИВОА (СТЕПЕНИ) НА ОБРАЗОВАНИЕ

Во сите земји постои организиран систем на образование, почнувајќи од влезот во основното образование, па сè до високото образование и до докторска титула.

26. Поимот „ниво“ („степен“) на образование посочува на напредокот во искуствата од учењето и способностите (компентенциите) кои содржината на една образовна програма ги бара од учесниците доколку таа програма има разумни очекувања за стекнување на знаења, вештини и способности за кои програмата е назначена. Секое ниво (степен) е поврзано со степенот на сложеност на содржината на програмата. Ова подразбира дека степените на образованието градат една скала каде што пристапот на идните учесници кон секое рамниште зависи од успешно завршениот претходен степен.

27. Поимот „ниво-(степен)“ на образование, суштински е замисла базирана врз премисата дека образовните програми можат да бидат групирани, и како национални и како меѓународни, во подредени серии на категории од целокупното знаење, вештини и способности барани од учесниците доколку тие имаат разумни очекувања за успешно завршување на програмите во овие категории. Овие категории ги претставуваат широките скалила на образовната прогресија, од најелементарни до покомплексни искуства со покомплексна програма, до повисоко ниво на образование.

28. Класификацијата на образовните програми се врши врз основа на повеќе критериуми кои можат да посочат кон нивото на образование во кое образовната програма треба да биде класифицирана. Во зависност од нивото и видот на образованието, постои потреба да се направи хиерархиски систем на рангирање помеѓу критериумите: главни критериуми, споредни критериуми (типични квалификации за упис, минимални услови за упис, минимална возраст, квалификации на кадар, времетраење на програмата, јавниот документ кој се стекнува итн. (види Табела 1). Многу е важно овие критериуми да се применат на начин на кој меѓусебно не се исклучуваат, туку се надоврзуваат едни со други. Со применувањето на критериумите се одредува нивото на програмата.

29. За да им се помогне на корисниците соодветно да ги класифицираат образовните активности и програмите и да обезбедат веродостојни алатки за собирање на податоци и пресметување на релевантни и споредбени индикатори, се јавува потреба одредени нивоа да бидат поделени на подниво. Овој вид на разделување овозможува повеќе вкрстени класификации и добивање на релевантни, компаративни индикатори.

30. Кога се користи критериумот за класификација на една програма, треба да се има предвид дека примарен критериум за класификација претставува образовната содржина. Од темелно значење е институционалните особини на националните програми да не се користат како замени за образовната содржина. Потпирањето само на институционален критериум може да ја жртвува целта за меѓународно споредување кое се врши преку поголем опсег на споредби бидејќи институционалните структури обично не се меѓународно споредливи.

31. Кога се применуваат критериуми за одредување на степенот на образование на една образовна програма, потребна е флексибилност. Иако првичната цел на МСКОБ е да го промовира собирањето на споредливи податоци за образованието за различните групи на програми, признато е дека можат да постојат различни национални услови кои исклучуваат строго придржување до дефинициите на нивоата. Два примера за илустрација на ова се: почетната возраст и времетраењето на образовната програма.

Прво, потенцирано е дека возраста за почеток во предучилишното образование (кога се почнува со минимални образовни активности) е три години, но ова не ги исклучува помалите деца да земат учество во него. Второ, времетраењето на степенот ИСЦЕД 1 одредува дека е 5-годишно редовно школување. Ова автоматски не значи дека земјите со 7-годишно основно образование ќе мора да направат одделни статистики. Секое времетраење во ИСЦЕД е дадено како ориентација, а можни се и варијации. Вакви примери се валидни и за степените 2 и 3.

Во врска со формулирањата на образовните нивоа, важно е и дефинирањето на овие термини:

⇒ Вид на следното образование или целта (дестинацијата): вид на следното образование или дестинација за која тие што завршиле се квалификувани или видот на позициите на пазарот на труд за кој се подготвени додипломците.
⇒ Програмска ориентација: подразбира степен на кој програмата е ориентирана преку специфични класи на професии или струки (генерално општо или стручно образование).

**Табела 1: ПРЕГЛЕД НА СТЕПЕНИТЕ - НИВОАТА НА ОБРАЗОВАНИЕ СПОРЕД МСКОБ 2011**

| **Како да се одреди нивото на програмата** | | **Назив на нивото** | **Степен** | **Комплементарни димензии** |
|---|---|---|---|---|
| **Стандардни критериуми за содржината** | | | | |
| **клучни** | **помошни** | | | |
| Образовни особини<br><br>Училиште/центар<br>Минимална возраст<br>Максимална возраст | Квалификации на кадарот | Предучилишно образование и воспитание | ISCED 0 | Нема |
| Почеток на систематско учење на читање, пишување и математика | Влез во национални назначени институции/ програми за основно образование.<br><br>Почеток на задолжителното образование | Основно образование<br><br>I-V одделение (прва фаза на основното образование) | ISCED 1 | Нема |
| Презентација на предмети<br>Целосна примена на основни вештини и основи за доживотно учење | Влез по максимум 6 години основно образование.<br>Крај на циклусот по максимум 9 г. основно образование.<br>Повеќе наставници држат часови според нивните полиња на специјализација. | Основно образование<br><br>VI-IX одделение (пониско средно образование втора фаза на основното образование) | ISCED 2 | Тип на следно образование или насока<br>Програмска ориентација |
| Типична квалификација за влез<br><br>Минимум барања за упис | | Средно образование (повисоко средно образование) | ISCED 3 | Тип на следно образование или насока<br><br>Програмска ориентација<br>Акумулирано траење од почетокот на ISCED степен 3 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Типична квалификација за влез<br><br>Услови за упис<br>Содржина<br><br>Возраст<br>Времетраење | | Пост-средно образование<br><br>Специјалистичко образование, но не високо образование | ISCED 4 | Тип на следно образование или насока<br><br>Акумулирано траење од почеток на ISCED ниво 3<br><br>Програмска ориентација |
| Типична квалификација за влез<br>Услови за упис<br><br>Содржина<br>Возраст<br>Времетраење | | Кратки циклуси во високото образование | ISCED 5 | Тип на следно образование или насока<br>Акумулирано траење од почетокот на ISCED ниво 3<br>Програмска ориентација |
| Типична квалификација за влез<br><br>Тип на добиен сертификат<br><br>Времетраење | | Додипломски студии (прв циклус на високо образование – не води директно до истакната истражувачка квалификација) | ISCED 6 | Видови програми<br><br>Теоретско акумулирано траење во установа за високо образование<br><br>Национален степен и квалификациона структура |
| Типична квалификација за влез<br><br>Тип на добиен сертификат<br><br>Времетраење | Подготовка на додипломци за наставни и истражувачки звања - титули | Магистратура и специјализација (втор циклус на високото образование - не води директно до истакната истражувачка квалификација) | ISCED 7 | Видови програми<br><br>Теоретско акумулирано траење во установа за високо образование<br><br>Национален степен и квалификациона структура |
| Истражувачки ориентирана содржина.<br><br>Поднесување на теза или дисертација | Подготовка на доктори на науки за работа на факултет и истражувачка работа | Докторат (трет циклус на високото образование - води до истакната истражувачка квалификација) | ISCED 8 | Национален степен и квалификациона структура |

Значи, за да биде ефективно искористена меѓународната статистика на образованието од страна на творците на политиката, аналитичарите, јавноста и другите корисници, образованието мора да биде базирано на стандардна терминологија, концепции, дефиниции и класификации.

Без ова не може ни да се размислува за споредбена статистика, а уште помалку да се постигне.

Затоа, во Државниот завод за статистика, поаѓајќи од Меѓународната стандардна класификација на образованието ISCED 2011, во соработка со Министерството за образование и наука е изработен систем за сведување на податоците од нашиот систем на образование според Меѓународната стандардна класификација и притоа е изработен ДИЈАГРАМ на степени на образование.

Во продолжение ќе бидат презентирани одделните степени на образование при што ќе бидат употребени термини за образование кои се употребуваат во ISCED (МСКОБ) 2011, како и термини кои се употребуваат во системот на образование во нашата земја, и тоа:

**ISCED (МСКОБ) СТЕПЕН 0:** - Предучилишно образование што одговара на предучилишно воспитание и образование во нашиот систем на образование.

**ISCED (МСКОБ) СТЕПЕН 1:** - Основно образование - прва фаза што одговара на основното образование од I до V одделение во нашиот систем на образование и на ниво 1 во Македонската рамка на квалификации.

**ISCED (МСКОБ) СТЕПЕН 2**: - Основно образование - втора фаза или пониско средно образование што одговара на основното образование од VI до IX одделение во нашиот систем на образование и на ниво 1 во Македонската рамка на квалификации.

**ISCED (МСКОБ) СТЕПЕН 3**: - Повисоко средно образование што одговара на средното образование во нашиот систем на образование и на ниво 2, 3 и 4 во Македонската рамка на квалификации.

**ISCED (МСКОБ) СТЕПЕН 4:** - Постсредно образование што одговара на специјалистичко образование, после средното образование во нашиот систем на образование и на ниво 5, подниво 5Б во Македонската рамка на квалификации.

**ISCED (МСКОБ) СТЕПЕН 5:** - Кратко - циклусно, терцијарно образование што одговара на кратките циклуси во високото образование во нашиот систем на образование и на ниво 5, подниво 5А во Македонската рамка на квалификации.

**ISCED (МСКОБ) СТЕПЕН 6:** - Дипломско образование или еквавалент, терцијарно образование што одговара на високото образование во нашиот систем на образование и на ниво 6, разделено на поднивоа 6А и 6Б во Македонската рамка на квалификации.

**ISCED (МСКОБ) СТЕПЕН 7:** - Магистерско образование или еквивалент, терцијарно образование што одговара на магистерско или специјалистичко образование во нашиот систем на образование и на ниво 7, разделено на поднивоа 7А и 7Б во Македонската рамка на квалификации.

**ISCED (МСКОБ) СТЕПЕН 8:** - Докторат што е исто како и во нашиот систем на образование и одговара на ниво 8 во Македонската рамка на квалификации.


Системот на образование на Република Македонија сведен на ISCED (МСКОБ) 2011
0
ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ
Возраст 3 до 6 години
Времетраење 3 години
1
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ
I-V одделение
Возраст 6 до 11 години
Времетраење 5 години
2/1
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ
VI - IX одделение
Возраст од 11 до 14 или 15 години
Времетраење 4 години
2/2
ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВОЗРАСНИ
Возраст 15 и повеќе
Времетраење максимум 4 години
3
СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ
Општо образование
Возраст 14 или 15 до 18 или 19
Времетраење 4 години
Стручно образование
Возраст 14 или 15 до 18 или 19
Времетраење 4 години
Верско образование
Возраст 14 или 15 до 19 или 20 години
Времетраење 4-5 години
3
СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ
Стручно образование за занимања
Возраст 14 или 15 до 17 или 18 години
Времетраење 3 години
Стручно оспособување
Возраст 14 или 15 до 16 или 17 години
Времетраење 2 години
за тригодишно средно образование
4
ПОСТСРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ
Специјалистичко образование
(специјалистичко образование и мајсторски испит)
Возраст 18 и повеќе
Времетраење 1 – 2 години
5
КРАТКО ЦИКЛУСНО ТЕРЦИЕРНО ОБРАЗОВАНИЕ
Возраст 18 или 19 и повеќе
Времетраење 1- 2 години
6/1
I ЦИКЛУС НА СТУДИИ ДОДИПЛОМСКО ОБРАЗОВАНИЕ ИЛИ ЕКВИВАЛЕНТ
Универзитетски академски студии
Возраст 18 и повеќе години
Времетраење 3 до 6 години
6/2
I ЦИКЛУС НА СТУДИИ ДОДИПЛОМСКО ОБРАЗОВАНИЕ ИЛИ ЕКВИВАЛЕНТ
Стручни студии
Возраст 18 и повеќе години
Времетраење 3 до 4 години
7/2
II ЦИКЛУС НА СТУДИИ МАГИСТЕРСКО ОБРАЗОВАНИЕ ИЛИ ЕКВИВАЛЕНТ
Специјализација
Возраст 22 и повеќе години
Времетраење 1- 2 години
7/1
II ЦИКЛУС НА СТУДИИ МАГИСТЕРСКО ОБРАЗОВАНИЕ ИЛИ ЕКВИВАЛЕНТ
Академски студии - Магистратура
Возраст 22 и повеќе години
Времетраење 1-2 години
8
III ЦИКЛУС НА СТУДИИ ДОКТОРАТ ИЛИ НЕГОВ ЕКВИВАЛЕНТ
Возраст 24 и повеќе
Времетраење 3 години

## СТЕПЕН 0: ПРЕТШКОЛСКО ОБРАЗОВАНИЕ

**Главни карактеристики**

Програмите на степен 0 (претшколско образование), во Република Македонија ги воведуваат малите деца во училишната средина, т.е. претставуваат мост помеѓу домашната и училишната атмосфера. По завршувањето на овие програми кои повеќе се однесуваат на социјалниот, менталниот и физичкиот развој кај малите деца, тие го продолжуваат образованието на степен 1 (основно образование).

**Критериуми за класификација**

Во Република Македонија, за да се одреди почетокот и крајот на претшколското образование, т.е. границата помеѓу претшколското образование и целодневната грижа за децата или помеѓу претшколското и основното образование, значајни се следниве критериуми:

Главни критериуми

Самиот наставен план е дизајниран да ги запознае децата со животот во општеството и да ги подготви за читање, пишување и математика со развивање на способностите во јазикот, перцепирање низ развивање на вештините во цртање, боење, моделирање, пеење и играње.

Програмата е базирана на училиште или центар со што се разликуваат активностите во средини како основни училишта, предучилишта и градинки од оние обезбедени во домовите или во семејни средини.

Овие програми се направени за деца од најмалку 3-годишна возраст. Оваа возрасна рамка е избрана бидејќи програмите за помали деца обично не ги задоволуваат образовните критериуми во МСКОБ ниво 0.

Горната возрасна граница на ова ниво не е поголема од пет години, бидејќи вообичаената законска возраст за влез во МСКОБ 1 - основно образование не е помала од пет години или не е поголема од седум години.

Спореден критериум

Наставниот кадар за предучилишното образование има високо образование и педагошка квалификација. Педагошката квалификација е ставена како критериум, бидејќи се бара подучување на децата за разлика од грижа за децата за што се потребни медицински квалификации.

**Ова ниво, исто така, вклучува:**

Давање на организирани подуки на деца со посебни потреби. Ова образование, исто така, може да биде обезбедено во болници или во посебни училишта или центри за обука. Во овој случај не постои возрасна граница.

**Исклучува:**

Ова ниво, со оглед на прецизираната возраст, исклучува образование на возрасни.

## СТЕПЕН 1: ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## ИЛИ ПРВО РАМНИШТЕ НА БАЗИЧНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Главни карактеристики**

Програмите на ниво 1 во Република Македонија се направени да им дадат на учениците основно образование, да им пружат основни вештини по читање, пишување и математика, да им обезбедат цврста основа за учење и елементарно разбирање на други содржини од областа на историјата, географијата, природните науки, општествените науки, уметноста и музиката и да им ја развиваат самодовербата и свеста на учениците за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки.

Во Република Македонија образованието е организирано во три воспитно-образовни периоди и тоа од прво до трето одделение, од четврто до шесто одделение, и од седмо до деветто одделение. Ова ниво покрива пет години од основното образование, од I до V одделение, односно првиот и дел од вториот воспитно-образовен период.

Образовните програми од овој степен се општообразовни и претставуваат систематска настава што им овозможува на децата да стекнуваат основни знаења и умеења во областа на јазикот, математиката, природните и општествените науки, физичкото и здравственото образование и уметностите.

Овој степен на образование содржи воспитни и образовни аспекти за поттик на сознајните и интелектуалните способности и развој на творечкото мислење.

Влез во ова ниво е вообичаената законска возраст на децата, да не е помала од пет години или не поголема од седум години.

Наставниот кадар има високо образование и педагошки квалификации, што е уредено со Законот за основно образование.

Образовните програми на ова ниво се остваруваат во национално создадени институции, односно основни училишта.

Краен резултат за преминување од година во година на истото ниво или во следното ниво 2 е стекнување на јавен документ (свидетелство).

Со Уставот на Република Македонија и Законот за основното образование, основното образование е задолжително и достапно за сите деца.

**Критериуми на класификација**

За определување на границата помеѓу образовните нивоа 0 и 1 (претшколско и основно образование), значајни се следните критеруими:

<u>Главен критериум</u>

- Минимален услов за влез е возраста, не помала од пет години или не поголема од седум години.
- Почеток на особините на систематско учење на основното образование, на пример, читање, пишување и математика.
- Наставата ја изведува еден наставник, освен за странски јазик за сите ученици и македонски јазик за учениците од заедниците.
- Описно оценување на учениците за првиот воспитно-образовен период и тоа од прво до трето одделение, и бројчано, за вториот воспитно-образовен период - четврто и петто одделение.
- Краен резултат е добивање на јавен документ (свидетелство) за секоја завршена учебна година.

Помошни критериуми

- Влез во национално создадените институции за основно образование.

Национална структура на степените и квалификациите

МСКОБ ниво 1 одговара на нивото 1 во Македонската рамка на квалификации.

**Ова ниво, исто така, вклучува:**

1. Образовни програми наменети за деца со посебни потреби каде што наставните планови и програми се базираат на редовните образовни програми со извесна модификација (во зависност од видот и степенот на попреченоста).

2. Програми за писменост во рамките на или надвор од училишниот систем кои се слични по содржина на програмите во основното образование за оние учесници кои се сметаат преголеми за да влезат во основните училишта, бидејќи не бараат претходно формално образование.

## СТЕПЕН 2 - ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## ВТОРА ЕТАПА ОД БАЗИЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ИЛИ НИЖЕ СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Главни карактеристики**

Во Република Македонија, содржините на образованието на ова ниво се типично правени да ја надополнат подготовката на базичното образование кое е отпочнато на МСКОБ ниво 1 и се изведува во истите институции. Образовната цел е да се постави база за доживотното учење и човечки развој врз која државата може систематски да ги проширува образовните можности.

Ова ниво, во принцип, покрива четири години од основното образование, од VI до IX одделение, односно го покрива третиот и дел од вториот воспитно-образовен период и претставува втора фаза од основното образование.

Програмите на ова ниво се предметно - ориентирани, употребувајќи повеќе специјализирани наставници кои држат часови од нивното поле на специјализација.

Програмите предвидуваат продлабочени знаења и вештини по математика, мајчин јазик и литература, странски јазици, почеток на изучување на природните науки како хемија, физика, биологија, потоа географија и историја, како и уметностите, развивање на способности за истражување, експериментирање и решавање на проблеми, самостојно креативно дејствување во општествената и природната околина и развивање способности за расудување и за изразување во уметноста и културните традиции.

Наставниот кадар има високо образование со педагошки квалификации.

Крајот на ова ниво резултира со добивање на јавен документ (свидетелство) кој е услов за влез во повисоко ниво, и се совпаѓа со крајот на задолжителното основно образование, предвидено со Уставот на Република Македонија и Законот за основното образование.

**Критериуми за класификација**

Главни критериуми

- Влезот е после пет години од почетокот на МСКОБ ниво 1 основно образование;
- Почеток на учење по предмети каде што има потреба од поквалификувани наставници отколку за ниво 1;
- Целосна имплементација на теоретски знаења и базични вештини и поставување основа за доживотно учење;
- Бројчано оценувањето на учениците;
- Крајот на ова ниво е по 9 години образование од почетокот на основното образование, според концептот за деветгодишно основно воспитание и образование.
- Крајот на ова ниво се совпаѓа со крајот на задолжителното основно образование.

Помошни критериуми

- Наставата се изведува со повеќе наставници кои држат предавања од нивното поле на специјализација.

**Комплементарни димензии**

Тип на понатамошно образование или насока

Програмите МСКОБ 2 се создадени за директен пристап до ниво 3 што последователно би водело до високо образование.

Ориентација на програмата

Образование кое главно е создадено да ги води учесниците кон стекнување на општи и применливи знаења и вештини што се потребни во секојдневниот живот или за натамошно образование, преку задолжителни и изборни предмети и дополнителна и додатна настава.

Кумулативно теоретско времетраење

Кумулативното теоретско времетраење на програмата, како задолжителна, пресметана од почетокот на ниво 2, трае четири години.

Национална структура на степени и квалификации

МСКОБ ниво 2 одговара на нивото 1 во Македонската рамка на квалификации.

**Ова ниво, исто така, вклучува:**

1. Образовни програми наменети за деца со посебни потреби каде што наставните планови и програми се базираат на редовните образовни програми со извесна модификација (во зависност од видот и степенот на попреченоста) и

2. Форми на образование на возрасни кои се слични по содржина со образованието дадено на ова ниво, на пример, образованието кое им овозможува базични вештини на возрасните потребни за понатамошно учење.

## СТЕПЕН 3: СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Основни карактеристики**

Ова ниво на образование во Република Македонија започнува по завршувањето на задолжителното основно образование. На ова ниво се очекува специјализација на учесниците за разлика од МСКОБ ниво 2 и наставниот кадар е повеќе квалификуван или специјализиран од оној за МСКОБ ниво 2 и има високо образование МСКОБ ниво 6, 7 или 8 и педагошки квалификации.

Образовните програми на ова ниво бараат завршување на девет години основно образование (од почетокот на ниво 1) со што се овозможува пристап во гимназиско образование, предвидено со Законот за средното образование, и за пристап во стручно или техничко образование предвидено со Законот за средното образование и Законот за стручното образование и обука и минимални услови за влез со завршено ниво 2.

Образованието е создадено да ги води учесниците кон продлабочено разбирање на група предмети, стекнување на практични вештини и компетенции и подготвување на учесниците за понатамошно образование на повисоко ниво. Успешното завршување на овие програми им обезбедува на учесниците квалификации релевантни за пазарот на труд на ова ниво или за влез за повисоко образование.

Крајот на ова ниво се совпаѓа со крајот на задолжителното средно образование предвидено со Законот за средното образование и се добива јавен документ (диплома) што е услов за влез на пазарот на трудот или во повисоко образование, и тоа, од стручно образование за занимања во треење од три години, во стручно (техничко) образование во траење од четири години, и од гимназиско и стручно (техничко) образование во треење од четири години на повисоко МСКОБ ниво 5 и 6.

Образованието на ова ниво се остварува во јавни и приватни установи, а во стручното образование, практичниот дел делумно се остварува во претпријатијата.

**Класификациони критериуми**

За дефинирање на ова ниво, релевантни се следните критериуми:

<u>Главни критериуми</u>

- Типичните квалификации за влез се 9 години основно образование од почетокот на ниво 1;
- Завршено ниво 2 и не помалку од 14 години;
- Минимален услов за влез може да биде и завршено стручно образование за занимања во треење од три години;
- Крајот резултира со полагање државна матура и добивање на јавен документ (диплома) за влез во повисоко ниво МСКОБ ниво 5 и 6 или училишна матура или завршен испит за влез на пазарот на трудот.

**Комплементарни димензии**

<u>Вид на следно образование или насока</u>

- МСКОБ 3: програмите на ниво 3 се направени за да обезбедат директен пристап до МСКОБ 5 и 6 и
- МСКОБ 3: програмите на ниво 3 се направени да водат директно кон пазарот на труд.

Ориентација на програмата

Оваа втора комплементарна димензија ги има следниве категории:

- гимназиско образование;
- стручно образование;
- средно уметничко образование и
- средно образование за ученици со посебни образовни потреби.

Гимназиско образование

Во Република Македонија гимназиското образование има општообразовен карактер и главно е создадено да ги води учесниците кон продлабочено знаење и разбирање на група предмети од фундаменталните и од нив изведени науки, развивање на научно и критичко мислење, оспособување за примена на стекнатото знаење во практични ситуации и подготвување на учесниците за понатамошно (додатно) образование на повисоко ниво.

Се диференцира во три подрачја: природно-математичко, општествено - хуманистичко и јазично - уметничко подрачје и сите овоможуваат пристап кон повисоко ниво.

Крајот резултира со полагање државна матура или училишна матура и стекнување на јавен документ (диплома).

Стручно или техничко образование

Образование кое главно им нуди на учесниците да обезбедат продлабочени стручни знаења, практични вештини и компетенции кои се потребни за вработување на одредена позиција или занимање или група од позиции или занимања во согласност со современите достигнувања од областа на науката, техниката и технологијата. Успешното завршување на вакви програми води кон стекнување на стручни квалификации релевантни за пазарот на трудот.

Образовните програми се структуирани за образовни профили (збир на општи и стручни содржини од различни теоретски и применети дисциплини и практична обука, со кои се обезбедува оспособеност за определено подрачје на работа и за сложеноста на работите во него, односно знаења потребни за натамошно образование) распоредени според карактеристиките на работата во 14 струки:

1. Геолошко-рударска и металуршка струка
    - геолошко-рударски техничар
    - металуршки техничар
2. Градежно-геодетска струка
    - архитектонски техничар
    - геодетски техничар
    - градежен техничар
    - техничар дизајнер за внатрешна архитектура (дополнето)
3. Графичка струка
    - графички техничар
4. Економско-правна и трговска струка
    - деловен секретар
    - економски техничар
    - правен техничар
    - техничар за трговија и маркетинг
    - банкарски техничар (дополнето)

5. Електротехничка струка
- електротехничар-енергетичар
- електротехничар за електроника и телекомуникации
- електротехничар за компјутерска техника и автоматика

6. Здравствена струка
- забен техничар
- медицинска сестра
- медицински лабораториски техничар
- фармацевтски лабораториски техничар
- физиотерапевтски техничар

7. Земјоделска-ветеринарна струка
- ветеринарен техничар
- лозаро-винарски техничар
- техничар за фармерско производство
- хидромелиоративен техничар
- техничар за агроменаџмент (дополнето)
- техничар за хортикултура

8. Лични услуги
- козметички техничар
- техничар за очна оптика

9. Машинска струка
- автотехничар-махатроничар
- машински воздухопловен техничар
- машински техничар
- машинско-енергетски техничар
- техничар за компјутерско управување (дополнето) 3

10. Сообраќајна струка
- техничар за патен сообраќај
- техничар за транспорт и шпедиција
- техничар за железнички сообраќај
- машиновозач за дизел и електрични влечни возила (дополнето)
- техничар за логистика и осигурување

11. Текстилно-кожарска струка
- конфекциски техничар
- текстилен техничар
- техничар за обувки
- конфекциски компјутерски оператор (дополнето)

12. Угостителско-туристичка струка
- хотелско-туристички техничар
- угостителски техничар во рурален туризам (дополнето)
- угостителски техничар (дополнето)

13. Хемиско-технолошка струка
   - прехранбен техничар
   - производно-процесен техничар
   - хемиско-технолошки техничар
   - техничар нутриционист (дополнето)

14. Шумарско-дрвопреработувачка струка
   - техничар за мебел и ентериер
   - техничар за обработка на дрво
   - техничар за шумарство и пејзажна архитектура

Крајот резултира со полагање државна матура или завршен испит и стекнување на јавен документ (диплома).

Уметничко образование

Образование кое им нуди на учесниците да обезбедат продлабочени теоретски и практични знаења, вештини и способности од областа на уметностите потребни за продолжување на образованието на повисоко ниво или за вработување во институции од областа на уметноста.

Образовните програми се структуирани за трите насоки во уметничката струка: ликовна уметност, музичка уметност и балетска уметност.

Во јавното уметничко образование, покрај основниот критериум, влез можат да имаат и надарени ученици со незавршено основно образование или МСКОБ ниво 2, со добиена согласност од Министерството за образование и наука, и обврска паралелно да се здобијат со основно образование или МСКОБ ниво 2.

Крајот резултира со полагање државна матура со која се обезбедува влез во МСКОБ ниво 5 и 6 или училишна матура и стекнување на јавен документ (диплома).

Стручното образование, исто така, може да биде и во траење од две години и во траење од три години. Во траење од две години е стручно оспособување наменето за работа со пониски барања кое дава практични знаења и вештини за различни подрачја од трудот, а во траење од три години е стручно образование за занимања наменето за задоволување на потребите на стопанството.

Образовните програми за стручно оспособување, за пристап бараат завршување на девет години основно образование (од почетокот на ниво 1) и минимални услови за влез со завршено ниво 2 и способност за следење на програмите на ова ниво или неоформено основно образование (од почетокот на ниво 1), но со обврска напоредно со стручното оспособување да се стекнат и со основно образование, додека за стручно образование за занимања, за пристап се бара завршување на девет години основно образование (од почетокот на ниво 1) и минимални услови за влез со завршено ниво 2 и способност за следење на програмите на ова ниво.

Ова образование, пред сè, е создадено да ги води учесниците кон стекнување на стручни знаења и практични вештини и компетенции засновани на современите достигнувања на науката и техниката во траење од две до три години.

Крајот резултира со полагање на завршен испит и стекнување на јавен документ (диплома за завршен испит за стручно образование за занимања или уверение за стручно оспособување) што е услов за влез на пазарот на трудот или можност за стекнување на повисока квалификација (кај учесниците со завршено стручно образование за занимања во треће од три години во четврта година стручно (техничко) образование, или по најмалку три години работна пракса да се вклучат во програми за постсредно стручно образование и обука од МСКОБ ниво 4.

Кумулативно теоретско времетраење

Кумулативното теоретско времетраење на програмата, како редовно, е пресметано од почетокот на ниво 3 и трае четири години.

Национална структура на степени и квалификации

МСКОБ ниво 3 одговара на нивото 4 во Македонската рамка на квалификации. Стручното образование за занимања во траење од три години во МРК одговара на ниво 3, а стручното оспособување во траење до две години во МРК одговара на ниво 2.

**Ова ниво, исто така, вклучува:**

Образовни програми за деца со специјални потреби во траење од 4 години за оформување на средно образование, образование на возрасни и образовни програми за верско образование. Образовните програми за верско образование се со времетраење од пет години за средно богословско училиште и четири години за средно исламско училиште, кои се формирани од верските заедници во согласност со Законот за верските заедници и религиозните групи.

**Исклучува:**

МСКОБ ниво 3 исклучува поправни програми создадени за учесници кои претходно посетувале програми од МСКОБ ниво 2, но не ги постигнале целите на МСКОБ ниво 2 програмите (и кои притоа не можат да бидат сметани за еквивалентни по содржина со кои било од МСКОБ 3 програмите). Тие се класифицирани на МСКОБ нивоа 1 или 2, во зависност од содржините на програмите.

## СТЕПЕН 4: ПОСТСРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Основни карактеристики**

Ова ниво на образование во Република Македонија подготвува кадри за определени професионални должности за одделни сегменти од процесот на трудот.

Образовните програми се модуларно дизајнирани и служат за да го прошират (специјализираат) знаењето на учесниците кои претходно завршиле некоја програма на ниво 3 и да им овозможат пристап до ниво 5.

Наставниот кадар е повеќе квалификуван или специјализиран од оној за МСКОБ нивото 3. Условите за наставниот кадар се уредени со Законот за средното образование, Законот за стручно образование и обука, Законот за високото образование (високи стручни школи), Законот за вршење на занаетчиска дејност, Законот за образование на возрасни и со нормативите за наставен кадар и, покрај високо образование, МСКОБ ниво 6 и 7 треба да поседува и посебно андрагошко образование, т.е. да имаат стекнато компетенции за образование и обука на возрасни.

Образованието и обуката во постсредното образование се реализираат од страна на неколку вида наставници: наставници за општо образование, наставници за стручно-теоретско образование и наставници за специјалистичка практика - инструктори.

Содржината на програмата е поспецијализирана или подетална и од оние понудени во нивото на МСКОБ 3 и е во насока да оспособи за оперирање со комплексни технолошки процеси, со постројки, машини, апарати и уреди или мобилни оперативни средства, односно за занимања кои бараат посложени компетенции (технолошка специјализација), да оспособи за организирање непосредно раководење со извршителите во оперативното работење (производство и услуги) (надзорничка специјализација), да оспособи за инструирање и менторство (инструктивна специјализација), да оспособи да се стекнат со определено занимање и конкретни работни компетенции што ќе им овозможи вклучување на пазарот на трудот (специјализација за автономни профили), да оспособи доусовршување во конкретна квалификација и зајакнување на нивните работни способности со одредени компетенции (обука за стекнување на дел од интегрална квалификација) или за стекнување на парцијални компетенции и да оспособи за самостојно водење на занаетчиски дуќан и обучување на ученици и возрасни (мајсторство).

Образованието на ова ниво се остварува во акредитирани јавни и приватни установи (средни стручни училишта, високи стручни школи, специјализирани установи за постсредно образование и установи за постсредно образование како дел од коморите, организации на вработувачи и работни здруженија и компании).

Крајот на ова ниво резултира со полагање на специјалистички или мајсторски испит и стекнување на јавен документ (диплома за специјалистичко образование и диплома за мајсторски испит).

**Класификациски критериуми**

Главни критериуми

- Влезот во постсредно образование се остварува со завршено ниво 3, т.е. на која било програма на ниво 3 и на 18 или 19-годишна возраст.
- Учесниците се постари од оние кои следат програми од МСКОБ ниво 3.
- Учесниците, вообичаено, имаат работно искуство најмалку од 3 години во струката.
- Вообичаено времетраењето изнесува помеѓу шест месеци и две години редовно учење.
- Крајот на ова ниво резултира со полагање на специјалистички и мајсторски испит и стекнување на јавен документ (диплома за специјалистичко образование и диплома за мајсторски испит).

Споредни критериуми

Образованието е наменето за учесници заинтересирани за учење и доусовршување кои се групираат како:

1. Учесници со соодветно образование и соодветно работно искуство и тоа:

   - со завршено средно стручно образование во траење од четири години кои имаат соодветно работно искуство од 2 години;
   - со завршено средно стручно образование во траење од три години кои имаат соодветно работно искуство од 3 години;
   - со завршено гимназиско и стручно гимназиско образование кои имаат соодветно работно искуство од 3 години и
   - со завршено средно уметничко образование кои имаат соодветно работно искуство од 3 години.

2. Учесници со соодветно образование за континуирано постсредно образование и тоа со завршено средно стручно образование во траење од четири години кои сакаат своето образование да го продолжат со постсредно образование врз основа на континуирани програми, веднаш по завршувањето на средното стручно образование во траење од четири години.

3. Учесници кои имаат соодветно образование и несоодветно работно искуство или воопшто немаат работно искуство и треба да совладаат модул на знаења и вештини со што ќе го компензираат недостатигот од соодветно работно искуство.

**Комплементарни димензии**

Тип на следно образование или насока

- МСКОБ 4: програми на ниво 4, направени за директен влез во МСКОБ 5 (за учесници со завршено ниво МСКОБ 3 во треење од 4 години) и
- МСКОБ 4: програми на ниво 4 кои се дизајнирани за директен влез на пазарот на труд.

Кумулативно теоретско времетраење

Кумулативното времетраење се смета од почетокот на МСКОБ 4 и трае 2 години.

Програмска ориентација

Дефинирани се две категории:

- Мајсторство чија функција е да ги оспособи учесниците за квалитетна, самостојна, независна стручна работа, за организирање и водење на самостојна занаетчиска дејност и за практична обука на други учесници.
- Специјалистичко образование чија функција е да обезбеди продлабочени знаења, практични вештини и способности за работа за определен тип на специјализација и образовен профил од одредена струка.

Национална структура на степени и квалификации

МСКОБ ниво 4 одговара на нивото 5 во Македонската рамка на квалификации, односно на поднивото 5Б.

**Ова ниво, исто така, вклучува:**

Ова ниво го вклучува образованието на возрасни. На пример, на ова ниво може да бидат вклучени техничките курсеви посетени во текот на професионалниот живот на едно лице по одредени предмети, како компјутерски софтвер.

## СТЕПЕН 5: КРАТКО - ЦИКЛУСНО ТЕРЦИЈАРНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Основни карактеристики**

Ова ниво во Република Македонија содржи терцијарни програми кои имаат образовна содржина понапредна од оние понудени на нивоата 3 и 4. За влез во овие програми потребно е завршено МСКОБ ниво 3 или слична квалификација на МСКОБ ниво 4.

Завршувањето на ова ниво на високообразовни установи може да се смета и како дел од МСКОБ ниво 6.

Наставниот кадар за изведување на програмите од ова ниво поседува МСКОБ ниво 7 или 8 со потврдени педагошки и научно-истражувачки квалификации кои опфаќаат објавени научни трудови.

Краен резултат се положени испити и завршени предвидени активности од програмата и стекнување јавен документ (уверение).

**Критериуми на класификација**

Главни критериуми

За дефинирање на ова ниво, релевантни се следните критетиуми:

- Минимален услов за влез во ова ниво е завршено МСКОБ ниво 3 или МСКОБ ниво 4.
- Содржините од ниво 5 можат да бидат признати како дел од ниво 6.
- Програмите од ниво 5 не водат директно кон повисока истражувачка квалификација (ниво 7).
- Овие програми мора да имаат кумулативно теоретско времетраење од една до две години од почетокот на ниво 5.

**Комплементарни димензии**

<u>Видови на програми</u>

Овие програми се попрактично ориентирани, насочени кон доусовршување на квалификацијата.

Тие го овозможуваат нивото на образование потребно за влез во професија за која е потребно ниво на вештини потребни за пазарот на трудот.

Образовната содржина на МСКОБ ниво 5 програмите е практично ориентирана/стручно-специфична и е главно создадена за учесниците да обезбедат практични вештини и знаења потребни за вработување на одредена струка или занает или класа од струки и занаети - со чие успешно завршување учесниците се стекнуваат со квалификации релевантни за пазарот на труд.

<u>Кумулативно теоретско времетраење</u>

Овие програми имаат кумулативно теоретско времетраење од една до две години од почетокот на ниво 5.

Национална структура на степени и квалификации

МСКОБ ниво 5 одговара на нивото 5 во Македонската рамка на квалификации кое е разделено на две подниво 5А и 5Б и ова ниво одговара на ниво 5А.

**Ова ниво, исто така, вклучува:**

Програми за образование на возрасни, еквивалентни по содржина со некои МСКОБ 5 програми.

## СТЕПЕН 6: ДОДИПЛОМСКО ОБРАЗОВАНИЕ ИЛИ ЕКВИВАЛЕНТ

**Основни карактеристики**

Ова ниво на образование во Република Македонија содржи терцијарни програми за I циклус на студии кои имаат образовна содржина понапредна од оние понудени на ниво 4 и ниво 5. За влез во овие програми обично е потребно завршување на МСКОБ ниво 3 со положена државна матура и стекнат јавен документ (диплома) или слична квалификација на МСКОБ ниво 4 и 5 и стекнат јавен документ (уверение).

Образовните програми се остваруваат преку реализација на академски студии кои ги оспособуваат студентите за вршење на дејности во науката и високото образование, во деловниот свет, во јавниот сектор и општеството, во целост преку оспособување за развој и примена на научни и стручни достигања и стручни студии кои им даваат на студентите знаења и вештини кои им овозможуваат вршење на стручни занимања и ги оспособуваат за непосредно вклучување во работниот процес.
Студиите се усогласени со студиите во европскиот образовен и истражувачки простор.

Образовните програми имаат форма на предавање, вежби и практична настава од страна на предавачи од кои се бара да поседуваат МСКОБ ниво 7 или 8 со потврдени педагошки и научно-истражувачки квалификации кои опфаќаат објавени научни трудови.

Образовните програми можат да се реализираат редовно или вонредно според изборот на учесниците во високообразовните установи и високите стручни школи.

**Критериуми на класификација**

Главни критериуми

За дефинирање на ова ниво, релевантни се следните критериуми:

- Минимален услов за влез во ова ниво е завршено МСКОБ ниво 3 или МСКОБ ниво 4 и 5 и возраст не помалку од 18 години, освен за талентирани ученици.
- Програмите од ниво 6 обезбедуваат пристап до ниво 7.
- Програмите од ниво 6 не водат директно кон повисока истражувачка квалификација (ниво 8), освен доколку не се организирани како интегрирани стидии кои одговараат на МСКОБ ниво 7.
- Студиските програми се вреднуваат со кредити по ЕКТС и за секоја година на студиската програма содржат 60 кредити. (Еден кредит одговара на 30 часа.)

Споредни критериуми

- Кредитите кои се стекнати на една студиска програма можат да се пренесуваат од една на друга иста, слична или различна студиска програма во рамките на еден универзитет, односно од еден на друг универзитет, односно од една на друга самостојна високообразовна установа.
- Универзитетски академски студии со одбранет дипломски труд или негов еквивалент и универзитетски стручни студии, со одбранет дипломски труд или негов еквивалент, овозможуваат директен пристап на академски магистерски и стручни специјализации кои одговараат на ниво 7.

**Комплементарни димензии**

Видови на програми

МСКОБ ниво 6 програмите во Република Македонија се терцијарни програми и се теоретски и практично базирани и наменети да овозможат квалификации за обезбедување пристап на пазарот на тудот или пристап во напредни истражувачки програми и професии за кои е потребно високо ниво на напредни вештини.

Образовните програми на ова ниво содржат задолжителни наставни предмети кои треба да бидат од соодветната област на единицата на универзитетот, односно на внатрешната организациона единица (институт, катедра, оддел), и тоа до 60% од бројот на предметите и изборни наставни предмети од кои 30% изборни наставни предмети коишто студентите самостојно ги избираат од редот на сите наставни предмети застапени на единицата на универзитетот и 10% изборни наставни предмети коишто студентите самостојно ги избираат од листата на слободни изборни предмети предложена од секоја единица на универзитетот посебно.

Содржината на студиските програми се утврдува и менува врз основа на специфичните описи на програмата кои се во согласност во Даблинските општи дескриптори. Тие вклучуваат завршување на истражувачки проект или теза.

Крајот резултира со сите положени испити и одбрана на дипломски труд и стекнување на јавен документ (дилпома) кој е услов за влез на пазарот на трудот или можност за стекнување на повисока квафиликација во рамките на истото ниво, кај учесниците со завршен I циклус на универзитетски или стручни студии во треће од три години во I циклус на универзитетски или стручни студии во треће од четири години и пристап во повисоко ниво 7.

Кумулативно теоретско времетраење

Овие програми имаат кумулативно теоретско времетраење од три до четири години од почетокот на ниво 6, освен регулираните професии (лекар, фармацевт, архитект, доктор на ветерина, стоматолог) кои траат 5 години, а медицина 6 години.

Национална структура на степени и квалификации

МСКОБ ниво 6 одговара на нивото 6 во Македонската рамка на квалификации кое е разделено на две поднивоа 6А и 6Б кои се однесуваат на I циклус на студии (универзитетски студии и стручни студии) со 240 кредити и I циклус на студии (универзитетски студии и стручни студии) со 180 кредити, соодветно.

**Ова ниво, исто така, вклучува:**

Програми за образование на возрасни, еквивалентни по содржина со некои МСКОБ 6 програми.

## СТЕПЕН 7: ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ
## МАГИСТЕРСКО ОБРАЗОВАНИЕ ИЛИ ЕКВИВАЛЕНТ

**Основни карактеристики:**

Во Република Македнија ова ниво содржи терцијарна програма за II циклус на студии која има понапредна и поспецијализирана образовна содржина од нивото 6.

Терцијарните програми водат до диплома за истражувачки квалификации. Тие се насочени кон стручни и оригинални истражувања, но сепак не овозможуваат награди и докторски квалификации.

Овие образовни програми се остваруваат на високообразовните установи или на научните институти.

Образовните програми имаат форма на предавање од страна на предавачи од кои се бара да поседуваат МСКОБ ниво 7 или 8 со потврдени педагошки и научно-истражувачки квалификации.

За менторите на магистерските трудови се утврдени посебни критериуми кои опфаќаат објавени научни трудови во индексирани научни списанија, учество на научни конференции и симпозиуми.

**Критериуми на класификација**

Главни критериуми

За дефинирање на ова ниво, релевантни се следните критериуми:

- Услов за влез во ова ниво е солидно завршено МСКОБ ниво 6 и стекнат јавен документ за квалификација (диплома).
- Програмите од ниво 7 водат директно кон повисока истражувачка квалификација (ниво 8) .
- Овие програми имаат кумулативно теоретско времетраење од една до две години од почетокот на ниво 7, односно 5 години кумулативно времетраење со почеток на ниво 6.

Споредни критериуми

- Само академски магистерски студии, со одбранета магистерска теза, овозможуваат директен пристап до ниво 8.
- Специјалистичките последипломски студии овозможуваат директен пристап кон пазарот на трудот.

<u>Видови на програми</u>.

- Тие вклучуваат завршување на истражувачки проект или теза.
- Тие го овозможуваат нивото на образование потребно за влез во напредна истражувачка програма во следното 8 ниво.

Квалификациите во категоријата академски магистерски студии се подолги од универзитетските стручни студии кои се фокусираат на специфични стручни вештини наменети за влез на пазарот на труд или за повисоко академско 7 ниво.

<u>Кумулативно теоретско времетраење</u>

Овие програми имаат кумулативно теоретско времетраење од една до две години од почетокот на ниво 7.

<u>Национална структура на степени и квалификации</u>

МСКОБ ниво 7 одговара на нивото 7 во Македонската рамка на квалификации кое е разделено на две подонивоа 7А и 7Б кои се однесуваат на академски магистерски студии и универзитетски стручни студии, соодветно.

**Ова ниво, исто така, вклучува:**

Ова ниво ги вклучува сите истражувачки програми кои не се дел од докторатот, како кој било тип на магистерски степен.

## СТЕПЕН 8: ДОКТОРАТ ИЛИ НЕГОВ ЕКВИВАЛЕНТ
## (ВОДИ ДО НАПРЕДНИ ИСТРАЖУВАЧКИ КВАЛИФИКАЦИИ)

**Главни карактеристики:**

Во Република Македонија ова ниво е резервирано за терцијарните програми за III циклус на студии кои водат до диплома за напредни истражувачки квалификации. Поради тоа, тие се насочени кон идивидуални оригинални и стручни истражувања и не се темелат само на предавања.

Услов за влез во ова ниво е солидно завршено МСКОБ ниво 7, втор циклус академски (последипломски стидии), стекнат јавен документ за квалификација (диплома) и титула магистер на науки или завршен специјалистички испит од областа на медицината.

На овој степен се подготвуваат студентите кои планираат да аплицираат на работни места во институциите кои нудат МСКОБ 6, 7 и 8 програми, како и за истражувачки работни места во нестопанските и стопанските дејности.

Наставниот кадар треба да е со стекнато МСКОБ ниво 8, потврдени научно-истражувачки и педагошки квалификации.

За ментори на докторските трудови се утврдени посебни критериуми кои опфаќаат објавени научни трудови во индексирани научни списанија, учество на научни конференции и сипозиуми.

Овие образовни програми се остваруваат на високообразовните установи или на научните институти.

**Критериуми за класификација:**

За да се дефинира ова ниво, важни се следниве критериуми:

<u>Главен критериум:</u>

- Услов за влез во ова ниво е солидно завршено МСКОБ ниво 7, втор циклус академски (последипломски стидии), стекнат јавен документ за квалификација (диплома) и титула магистер на науки или завршен специјалистички испит од областа на медицината.
- Кандидатите поднесуваат теза или дисертација (докторски труд) која е резултат на темелно истражување и претставува значајно надополнување на научните сознанија, и учествуваат во нејзината одбрана.

**Комплементарни димензии:**

Во Република Македонија оваа програма е академска.
Бидејќи подрачјето на ова ниво е многу ограничено, нема потреба од дополнителни димензии.

<u>Кумулативно теоретско времетраење</u>

Овие програми имаат кумулативно теоретско времетраење од три години од почетокот на ниво 8.

<u>Национална структура на степени и квалификации</u>

МСКОБ нивото 8 одговара на нивото 8 во Македонската рамка на квалификации.